Врз основа на член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор (" Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), Градоначалникот на општина Новаци на 26-12-2018 година донесе

П Р А В И Л Н И К

За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Новаци бр. 01-310/2 од 27.03.2017 година и Правилникот за **изменување** и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци 01-330/3 ОД 20-04-2018 година, Правилникот за **изменување** и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци бр. 01-330/3 ОД 20-04-2018 година и Правилникот за **изменување** и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци бр. 01-727/1 15-08-2018 година и тоа:

Член 1

Во глава II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ **член 5** се менува и гласи

Во овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 40 работни места, од кои 32 работни места на административните службеници и 8 работни места на помошно технички лица, распоредени по организациони единици согласно Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината, од кои пополнети се 33 работни места.

Работните места на административните службеници се распоредени на следниов начин:

Ред. бр	Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
1.	А05	1	1
2.	Б04	6	3
3.	В01	11	10
4.	В03	7	5
5.	В04	4	3
6.	Г01	1	1
7.	Г03	2	2
	ВКУПНО	32	25

Член 3

Во глава III. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА **член 11** се менува и гласи:

Во овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 8 работни места на помошно-технички лица, распоредени по организациони единици согласно Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината, од кои пополнети се 8 работни места.

Работните места на помошно-техничките лица се распоредени на следниов начин:

Ред. бр	Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
1.	А02	2	2
2.	А03	6	6
	ВКУПНО	8	8

Член 4

Во глава **IV- ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА Новаци,** во точка 3. Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој Работното место со реден број 22, назив на работното место- Соработник-Следење и поддршка на локален економски развој се менува и гласи:

Одделение за комунални дејности, сообрќај, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР	
Реден број	22
Шифра	УПР 01 01 В03 000
Ниво	В3
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник за поддршка на органско производство во земјоделието и сточарството
Вид на образование	Прехрамбена технологија или Преработка на анимални производи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од делокругот на одделението, во правец на промоција , унапредување и подршка на органското производсво на храна а во функција на локален економскио развој, во согласност со општите упатства на раководителот на одделението и под негов надзор.

Работни задачи и обврски	- континуирано ги следи законските и другите општи акти од областа на органското производство; - учествува во изготвување на стратегија за локален економски развој на општината и стратегија за развој на малите и средни претпријатија и претприемаштвото со акцент на органското производство - прибира податоци и води регистар неопходен за следење на состојбата во органското производство во општината и за лицата кои поседуваат сертификати за органско производсво, -учествува во изготвување на проекти и аплицира кај домашни и странски донатори и учествува во реализација на проекти од областа на органското производсво, -иницира организирање на предавања и работилници за промоција на органското производство -учествува при изготвување на анализи, мислења, извештаи и информации од соодветната област -

Член 2

Во глава **IV- ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА Новаци** во точка 3. Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој, по работното место со реден број 25, се додава ново работно места 25.а кое гласи:

Одделение за комунални дејности, сообрќај, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР	
Реден број	25.а
Шифра	УПР 01 01 В04 000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за просторно и урбанистичко планирање, комунална инфраструктура и сообраќај
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Архитектура, урбанизам и планирање или Градежништво и водостопансво
Други посебни услови	
Работни цели	-Спроведување на наједноставни рутински стручно-административни, статистички и административно-надзорни работи, од областа на просторното и урбанистичкото планирање и градежништвото,

	- Спроведување на наједноставни рутински информатички и други работи и задачи од областа на просторното и урбанистичкото планирање и градежништвото, -Помагање при изработка на анализа за степенот и квалитетот на реализацијата на плановите, новонастанатите промени и потребите за развој
Работни задачи и обврски	-Континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на просторното и урбанистичкото планирање и градежништвото - Помага при подготвување на стручната анализа на планот со која се утврдува евентуалната потреба од изменување и дополнување на планот или дел од планот, пред истекот на планскиот период со упатство и под надзор од раководителот на одделението; - Помага при изработка на анализа за степенот и квалитетот на реализацијата на плановите, новонастанатите промени и потребите за развој; - Помага во стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби од областа на просторното и урбанистичкото планирање и градежништвото; -Помага при изработка на анализи, информации и други материјали од областа на просторното и урбанистичкото планирање и градежништвото; -Учествува во изработка на предмер-пресметки на градежни објекти -Помага при изработка на стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината од областа на просторното и урбанистичкото планирање и градежништвото;

Член 3

Согласно извршените изменувања и дополнувања на интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на овој Правилник.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност на Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр.01- 1047/2
26-12-2018 година

Н о в а ц и

Општина Новаци
Градоначалник

Кузманоски Љубе